# И З В Е Ш Т А Ј
**за изборот на најтранспарентни акционерски друштва**
**котирани на Македонска берза АД Скопје во 2017 година**
**добитници на наградата „Кристално ѕвоно”**

***<u>МЕТОДОЛОГИЈА</u>***

Изборот на годинешната награда „Кристално ѕвоно” се одвиваше во **две фази: елиминационо ниво и избор**. Во првата фаза, односно во елиминационото ниво, врз основа на критериумите за избор, **Кандидационата комисија**, формира **листа од 10 котирани акционерски друштва – кандидати** за доделување на наградата „Кристално ѕвоно”.

При разгледувањето на транспаретноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на претходната година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и др.

Кандидационата комисија одлучи на Изборната комисија за доделување на наградата „Кристално ѕвоно” да ја предложи **следната листа на котирани друштва за избор на добитници на наградата „Кристално ѕвоно”** за најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонската берза за 2017 година, дадени **по азбучен ред**:

- Алкалоид АД Скопје
- Комерцијална банка АД Скопје
- Македонски телеком Скопје
- Макпетрол АД Скопје
- НЛБ Банка АД Скопје
- Охридска банка Скопје
- Скопски пазар АД Скопје
- Стопанска банка АД Скопје
- Тетекс АД Тетово и
- Топлификација АД Скопје.

Со цел пошироко инволвирање на релевантви преставници во конечниот избор на добитникот на наградата во втората фаза - **избор на добитникот на наградата „Кристално ѕвоно”** се изврши оценување на друштвата според разработена методологија од страна на преставници на следниве **целни групи**:

- „Инвеститорска јавност“, во која влегува пошироката инвестициска јавност;
- „Медиуми“, во која влегуваат претставници на медиумите и
- „Пазарни учесници“, во која влегуваат претставници на членките на Берзата, претставници на институционалните инвеститори и експерти од областа на финансиите.

Категории за оценување на најтранспарентни акционерски друштва котирани на Македонска берза се следните:

- Изработка на годишен извештај на друштвото и негов квалитет;

- Обем на информации на интернет страницата на друштвото;
- Начин на комуникација на друштвото со јавноста и пазарните учесници;
- Квалитет на објавени и јавно достапни информации.

Сите претставници од целните групи ги оценуваа избраните 10 котирани друштва по сите четири наведени категории. Секоја категорија носи поединечно најмногу 10 поени за секое друштво, а целните групи ги оценуваат со оценки од 1 до 10, за секое друштво.

За потребите на оценувањето Берзата изработи посебна on-line анкета во форма на прашалник која беше дистрибуирана до целните групи на оценувачи. Начинот на дистрибуирање на on-line анкетата беше следен:

- за целната група инвеститорска јавност анкетата беше поставена на интернет страната на Берзата со што се даде можност на секој кој ја посетува интернет страната на Берзата да даде оценка по однапред дефинираните категории за избраните друштва;
- за целната група медиуми, линкот до електронската анкета беше дистрибуиран по електронски пат;
- за целната група пазарни учесници, линкот до електронската анкета беше дистрибуиран по електронски пат;

До Берзата во предвидениот рок од претставниците од наведените целни групи кои учествуваа во изборот пристигнаа целосно пополнети одговори и оценки.

Оцените за секоја категорија се собираа по групи на оценувачи и се делеа со бројот на оценувачи од соодветната група, со што се доби просечна оценка за друштвото по категорија од секоја група на оценувачи. Упросечените оцени по категории се собираат за секое друштво, при што едно друштво за една категорија не може да добие просечна оцена повисока од 10 поени, додека вкупниот број на поени кои едно друштво може да добие изнесува најмногу 40.

Секоја група на оценувачи имаше тежински фактор или пондер и тоа: целната група јавност имаше пондер од 20%, целната група медиуми имаше пондер од 20% и целната група пазарни учесници имаше пондер од 60%.

За добивање на конечната оцена за друштвото по категорија се направи збир од просечните оцени на друштвото по категорија помножена со пондерот од одделната група.

Согласно бодирањето на секој член на Целните групи **ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНИ КОТИРАНИ ДРУШТВА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА 2017 ГОДИНА СЕ ИЗБРАА:**

**I Место** **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

**II Место** **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**

**III Место** **МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ**

Во продолжение на овој Извештај ја презентираме табелата за добиените оценки од целните групи по категории (Прилог 1).

**ПРИЛОГ 1. ОЦЕНКИ ПО КРИТЕРУМИ**

| ДРУШТВО / КРИТЕРИУМИ | Изработка на Годишен извештај на друштвото и негов квалитет | Обем на информации на интернет страницата на друштвото | Начин на комуникација на друштвото со јавноста и пазарните учесници | Квалитет на објавени и јавно достапни информации | ВКУПНО ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Алкалоид АД Скопје** | 8,92 | 8,58 | 8,76 | 8,93 | **35,20** |
| **Комерцијална Банка АД Скопје** | 8,11 | 8,29 | 7,87 | 8,35 | **32,62** |
| **Македонски Телеком АД Скопје** | 7,71 | 7,38 | 7,32 | 7,31 | **29,73** |
| **НЛБ Банка АД Скопје** | 6,97 | 7,38 | 6,95 | 6,73 | **28,03** |
| **Стопанска банка АД Скопје** | 7,09 | 6,80 | 6,81 | 6,31 | **27,01** |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 6,60 | 6,35 | 6,67 | 6,77 | **26,40** |
| **Макпетрол АД Скопје** | 6,35 | 5,92 | 5,57 | 5,74 | **23,58** |
| **Тетекс АД Тетово** | 4,40 | 5,05 | 4,72 | 4,68 | **18,85** |
| **Скопски пазар АД Скопје** | 4,32 | 5,37 | 4,28 | 4,38 | **18,35** |
| **Топлификација АД Скопје** | 4,34 | 4,57 | 4,26 | 4,25 | **17,42** |